РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2941/9

01-09-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 72-та седница одржана на 29.07.2022 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-2941/1 од 20.08.2021 година, оформен по доставена пријава за службени лица во Општина ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2941 од 2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, ----------, на ден 20.08.2021 година, поднесена е пријава за службени лица во Општина ---------- и оформен е предмет број 12-2941-1 од 20.08.2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за неправилно постапување на вработени службени лица во Општина ----------, а во врска со поднесено барање за легализација на дворно место од страна на пријавителот.

Имено, пријавителот наведува дека уште во 1987 година откупил плац од физичко лице за што бил склучен Меѓусебен договор, а кое граничи со земјиште кое го стекнал со наследство. Но, во 1990 година во Општинскиот суд --------- е донесена Пресуда со која се усвојува тужбеното барање на Општина ---------- и е утврдено дека склученио Меѓусебен договор помеѓу ---------- и продавачот на имот ---------- е ништовен. Ова од причини што, по извршената контрола од страна на Општинската управа за приходи во 1989 година било утврдено дека договорот за купопродажба не бил составен во писмена форма нуту пак потписите на странките биле заверени биле заверени пред судот, согласно законските прописи во периодот на одлучување (Закон за промет на земјиште и згради), а фактички продажбата била извршена. Ова било направено за да се избегне обврската за плаќањето

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

на за данок на промет на недвижности и права. Со пресудата е утврдено дека плацот предмет на склученото фикивен договор е општествена сопственост и како таков се предава на Општина ----------.

Подносителот на пријавата подоцна изградил објект (куќа) која делумно го зафаќала просторот предмет на донедената Пресуда. По донесените нови законски регулативи, и овозможување на откуп на земјиште во државна сопственост од страна на физички лица, пријавителот доставил соодветно барање за откуп на земјиштето, но согласно издадено Решение не му била овозможена приватизација на делот од земјиштето предмет на споменатата Пресуда.

Заради утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање за податоци и информации во врска со поднесеното барање за легализација од Општина ----------, од каде беше испратена информација дека по извршен увид било констатирано дека бесправниот објект бил изграден на земјиште со нерасчистени имотни односи, поради што општината донела заклучок за прекин на постапката, до комплетирање на документацијата.

По доставено барање за доставување на податоци и информации од страна на ДКСК до Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ за доставување на Историски преглед за извршените запишувања во катастарот на недвижности за спорното земјиште, до ДКСК беше доставена информација а во прилог и документација од која се констатира дека, по барање на подносителот ---------- бил изработен геодетски елаборат за фактичката состојба за бесправно изгдаден објект во кој е утврдено дека фактичката состојба на лице место на објектот не се совпаѓа со површината во имотниот лист.

Во прилог е доставено Решение за приватизација на градежно земјиште, издадено од Министерство за финансии во кое е наведено дека се барањето за приватизација делумно се уважува, односно се приватизира градежното земјиште за кое подносителот има утврдено право на користење, додека барањето за делот за приватизација на градежно земјиште кое е во општествена сопственост неможе да се приватизира од причина што истото било наменето за проширување на патна инфраструктура и е опфатено во Деталниот урбанистички план за општината.

Од горенаведеното, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај се водат постапки/ во тек се постапки пред други надлежни органи или пак веќе постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:

- подносителот на пријавата

Изработил: м-р К.З.
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател
Нури Бајрами